# З А П И С Н И К
## од 7-мата редовна седница на Советот на Општина Валандово
## одржана на 28.01.2022 година

Седницата се одржа во салата за седница на Советот на Општина Валандово.

Беа превземени сите мерки за безбедност на присутните за спречување на ширењето на вирусот Ковид 19. Просторијата претходно беше дезинфицирана, а за целото времетраење на седницата се носеа заштитни маски и се користеа средства за дезинфекција на раце.

Седницата започна во 12.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата присутни беа 13 членови на Советот. Отсутни беа Владимир Василев и Ивана Готиќ. Беа присутни и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од службите на Општина Валандово и од Радио Валандово истата се пренесуваше во живо.

За работа на 7-мата редовна седница, Претседателот на Советот, го предложи следниот

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година;

2. Извештај за работата на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2021 година;

3. Давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2022 година;

4. Давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2022 година;

5. Извештај за реализацијатата на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2021 година;

6. Извештај за работата на Територијалната противпожарна единица во 2021 година;

7. Извештај за реализацијата на Програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2021 година;

8. Информација за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово за второто полугодие од 2021 година;

9. Предлог – Одлука за одобрување средства за репарирање на механика на вертикално пијано во ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово;

10. Предлог – Одлука за утврдување на начинот на давање на користење на училишен простор (отворени спортски терени и фискултурни сали) во Општинските Основни Училишта и Средното Општинско Училиште во Општина Валандово на регистрирани спортски клубови;

11. Предлог – Одлука за давање согласност и овластување за потпишување на Договор за грант;

12. Предлог – Одлука за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Валандово;

13. Предлог – Одлука за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Училишен спортски клуб Валандово;

Беше отворена расправа по предложениот дневниот ред.

Никој не се јави за збор.

Дневниот ред  беше ставен на гласање и истиот беше изгласан едногласно, со 13 гласа ЗА.

Беше отворена расправа по записникот од 6-тата редовна седница.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан едногласно, со 13 гласа ЗА.

Се пристапи  со  работа по усвоениот дневен ред.

**ТОЧКА 1**

По Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2021 до 31.12.2021 година, образложение даде претставникот од Одделението за финансиски прашања, Марија Чурлинова Јорданова.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Јулија Тушевска. На почетокот од својата дискусија рече дека за вака битни прашања како што е кварталниот извештај би сакала да има полна дебата од сите советници. Рече дека сите сме свесни дека ситуацијата во општината не е баш најдобра, дека општината се празни, се бара егзистенција надвор, а не се прави многу за нашите граѓани. Многу голем дел од Буџетот се одделува за привремени вработувања. Праша колку изнесуваат овие средства? Исто така праша зошто на првата страна од кварталниот извештај, во ставката вкупно тековно оперативни приходи од самофинансирачки активности, расходите се поголеми од приходите. Го цитираше чл.3 од Законот за извршување на Буџетот од каде произлегува дека во образложението кај капиталните расходи во основниот буџет е извршено плаќање од 588.415 денари за дезинфекција, дезинсекција и дератизација Смета дека ова не треба да биде во оваа ставка бидејќи тоа е тековно одржување на објекти. Дезинфекција, дезинескција и дератизација рече дека треба да влезе во ставка 424 во стоки и услуги, а надзорот во договорена услуга. Смета дека ова не е капитален расход. Во образецот К2 рече дека има заостанати обврски од 30 и од 60 дена. Би сакала да знае кои се овие ненадмирени обврски и дали Општината има други ненадмирани обврски. Рече дека од самото преносно салдо искористени се средства од основниот буџет и од буџетот на самофинасирачки активности. Забележа и дека во самото образложение кај трансфери и донации стоело само 16.775.110,00 денари. Зошто другите не се прикажани и каде влегуваат овие средства?

Марија Чурлинова Јорданова во врска со овие прашања и забелешки рече дека ќе одговори на сите прашања.

Појасни дека во  добиените материјали стои дека искористеното салдо е истото салдо од претходниот квартален извештај и таму нема никакви промени. Рече дека напишано е убаво дека тоа е од Буџет за самофинасирачки активности. Појасни дека Одделението за финансии работи согласно законските прописи, Закон за извршување на буџет и процедурите за креирање на буџет. Информираше дека на крајот од 2021 година се добиени насоки од Министерството за образование, за култура под чии надлежности се самофинансирачките активности, дека дел од нивните дотации треба да се вратат до 31.12.2021 година, но рече дека за тоа не сака да ги оптеретува и дека сака да знаат дека се е согласно законските процедури. Рече дека дефицитот е пренесен, со други зборови инаку тоа е максимално домаќинско работење. Конкретно за дератизација посочи дека советниците имале на увид планиран Буџет за дезинфекција,

дезинсекција и дератизација и дека истите се плаќат и планират во капитални програми. Тоа е дел од секојдневното работење и тоа е законска процедура. За последното прашање одговори дека  К2 образецот е токму таа обврска што е од вкупниот договор за дезинфекција и дератизација и ова е остатокот што преостанува. И на претходната седница рече дека го објаснила начинот на настанување и евидентирање на обврските на Општина Валандово и нивно пријавување во Министерството за финансии, затоа што подлегаме на строга контрола од министерството. Процедурата е јасна, се склучува договор за јавна набавка, се евидентира во е-набавки и потоа со завршна ситуација се евидентира како обврска.

Јулија Тушевска повторно се јави за збор. Се заблагодари на исцрпниот одговор и рече дека јасно е да бараат ситници меѓутоа тие се пари на граѓаните и тие како советници се тука за тоа и треба да се навикнат дека ќе работат согласно законот, статутот и деловникот.

Марија Чурлинова Јорданова рече дека стои на располагање и релевантните информации можат да ги добијат исклучиво од Одделението за финансии и ги повика советниците да работат заедно.

Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков зеде збор. Рече дека е во ред сугестијата за плодна дебата меѓутоа истакна дека го загрижува тоа што со овие ситни техникалии се прави дефокус од битното и на она како е навистина реализиран буџетот. Клучните работи и реализацијата од 85% и 81% од расходите, која е една од највисоките рализациии во последните години, рече дека се должи на реално планирани приходи и расходи. Забележа дека имаме 52 милиони реализација на капитални проекти и сите се реализирани за градежни работи, а вие не се насочивте кон овие теми туку се фативте за дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Ајде да ги дискутираме клучните проекти.  Голем дел од програмата е реализирана, многу средства се добиени од други извори и се се прави во интерес на граѓаните. Го спомнавте иселувањето, но верувајте овде можеби сите имаме заедничка одговорност затоа што сите треба заедно да работиме и да го решаваме овој проблем заедно. Во општина Валандово имаше населени места каде што немаше едно метро асфалт. Сега во Бојмијата, Калково и сите други населени места има инфраструктура и услови за да не се иселуваат. Граѓаните од селата ствараат посебна вредност. Да дискутираме објективно и да ги решаваме крупните работи.

За контра реплика се јави Јулија Тушевска и рече дека убаво е да оствариме дебата. Појасни дека едно е на комисија да постават прашања меѓутоа сакаме и на Совет за да слушне јавноста. Но за да зборуваме за тоа што се има направено пред 4-5 години е непотребно. Рече дека не сме овде да ги замајуваме граѓаните, туку кога зборуваме за ова да се дадат конкретни одговори. Што е потребно Општината да добие IPARD фондови. Овде сме избрани од граѓаните и битно е тие да го слушнат тоа.

Тоше Тодоров се јави за збор. Рече дека и да има асвалт луѓето повторно ќе се иселуваат. Значи нешто друго е причината и треба сериозно да се пристапи на проблемот. Во делот на кварталниот извештај забележа дека ако има забелешки во ред е да го потенцираме тоа, нагласи дека  ова е трезорско работење. Исто така забележа дека во извештајот кај социјални бенифиции реализацијата е поголема од планирани средства.

Марија Чурлинова Јорданова рече дека се работи за иста позиција и затоа реализацијата е поголема од планираните средства и тоа е дозволено.

За збор се јави Анита Коцева и праша, во точка 46 во потточка 462 стои Буџет од 200.000 денари а реализација 0. Зошто ништо не е реализирано.

Марија Чурлинова Јорданова одговори дека тоа е планиран трошок за субвенции за приватни претпријатија меѓутоа во текот на 2021 година нема донесено таква одлука.

Анита Коцева праша за јавниот превоз зошто не се обезбеди тоа кога не се реализирани овие средства.

Владимир Марков рече дека оваа е работа која бара подобро да се испланира и да се реализира. Нагласи дека доколку Општината финансира јавен превоз ќе удри директно кон локални компании од оваа дејност и потребна е поширока анализа за истото.

Лазар Ангелов се јави за збор и праша за ставката 464 разни трансфери, станува збор за голема сума на пари.

Марија Чурлинова Јорданова одговри дека од оваа ставка се плаќа месечниот надоместок на советниците и пресоналниот данок на истиот.

Никој друг не се јави за збор, па Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2021 до 31.12.2021 година, беше ставен на гласање и со 8 гласа ЗА 5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ, истиот беше изгласан.

**ТОЧКА 2**

По Извештај за работата на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2021 година, образложение даде Директорот на Јавното претпријатие “Комунален сервис” Валандово, Емилија Заева Костова.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Тоше Тодоров и рече дека во Извештајот на ЈП Комунален Сервис гледа едно пренагласување на градот Валандово и рече дека во склоп на ЈП влегуваат и други населени места, како што се селата од бојминскиот реон. Во склоп на комуналниот сервис е и Јосифово кое население генерира средства во комуналниот сервис, исто така рече дека има и трошоци меѓутоа придонесуваат со 30 % од корисниците. Праша дали е планирана некоја нова инвестиција во тек на 2022 година во некои од населените места.

Емилија Заева Костова рече дека прашањето е поставено како воопшто да не е слушана. Не е во ред забелешката и рече дека баш напротив ги спомнала канализационата мрежа во Брајковци и Балинци, а тоа не е градско подрачје. Исто ја спомнав канализационата мрежа во Раброво која е во фаза на изградба. За второто прашање на каков вид на инвестиции се мисли? За каква конкретна инвестиција се мисли?

Тоше Тодоров рече дека мисли на подобрување на зафаќањето и одведување на отпадните води и водоснабдувањето како и подобрување на услугите.

За збор се јави Костадин Невеселовски. Рече дека Општина Валандово рамномерно инвестира во сите населени места, можеби за прв пат во историјата. Во бојмискиот реон за прв пат освен канализационата мрежа поставени се и корпи за отпадоци, во секое домаќинство поставени се контењери и системски се решава проблемот со отпадот. Направена е нова бушотина за вода во Брајковци, а во наредниот период ќе го решаваме проблемот во Балинци. Рече дека не е точно дека се решаваат проблемите само во градот Валандово, туку се решаваат насекаде и продолжуваме во тој правец.

Емилија Заева Костова се јави за збор и рече дека во планот за работа за 2022 година беше наведено сето тоа што претходно ме прашавте. Исто така апелираше до сите советници дека стојат на располагање кон сите и дека и веб страната и меилот се отворени за сите.

Тоше Тодоров рече дека поради тоа што сме тука за граѓаните тоа одговарање преку емаил е пренагласено. Ние сами ќе дојдеме до информации, но треба граѓаните да бидат информирани.

Емилија Заева Костова рече дека тоа не е лично одговарање туку тоа е Јавно претпријатие и сите заедно правиме се за граѓаните, а не само кога се вклучени камерите.

Никој друг не се јави за збор, па Советот по спроведеното гласање со 8 гласа ЗА 5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ, даде согласност на Извештајот за работата на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2021 година.

**ТОЧКА 3**

По Одлуката за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2022 година, образложение даде Директорот на Јавното претпријатие “Комунален сервис” Валандово, Емилија Заева Костова.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Тоше Тодоров и рече во излагањето на директорката не видовме пренагласување затоа што цените се видно покачени. Во самото решение е наведено дека ЈП Комунален сервис нема доставено план и анализа за трошоците до регулаторна комисија за енергетика и регулаторната комисијата одлучила сама кое ќе биде покачувањето на цената, а доколку би се направила сеопфатна анализа знаеме дека најголемите трошоци се за електрична енергија за пумпите за наводнување и делот за исплата на плати на вработените. Рече дека има постојано нови вработувања истите генерират повеќе трошоци, а граѓаните го плаќаат тоа, и рече дека цените се покачени.

Емилија Заева Костова рече дека во едно прашање повеќе прашања но ќе одговори на сите. Рече дека Јавното комунално претпријатие не иницираше промена на цените. Финансискиот дел неблагодарно е да се дискутира на тема електрична енергија и затоа и спомнав дека ќе зависи од пripродата колку ќе биде благонаклонета кон нас меѓутоа ќе се трудиме да го амортизираме тоа. Ве уверувам дека сите вработувања што се направени се исклучиво за наменски потреби и нема вработување кое што е направено бесмислено и е неумесна оваа дискусија. Ингеренциите растат на ЈП Комунален Сервис и затоа Ве молам да се задржиме на професионалноста.

Владимир Марков рече дека мора да се реагира на начинот на кој дискутираат. Не е точно дека ЈП Комунален сервис не доставил извештаи до регулаторна комисија туку убаво стои во образложението дека ЈП Комунален Сервис Валандово не доставил барање за утврдување на нови цени. Но без разлика на тоа, доколку ЈП Комунален Сервис Валандово не достави вакво барање, Регулаторната комисија ќе ги утврди сама цените. Рече дека малку е нелогично бидејќи Советот треба да донесе одлука дали ги прифаќа тарифите на веќе утврдена цена на водата од Регулаторна комисија која мора да се почитува. Меѓутоа добро е да помине на Совет да бидат запознаени граѓаните. Покачувањето е 2 денари на отпадните води и 1,20 на водата за пиење. Треба да ги имаме предвид настанатите ситуации и со финансиската и со Covid кризата. За крај ги повика советниците да дискутираат реално и да не се собираат ситни политички поени и да не шират политиканство.

Тоше Тодоров рече дека не е точно дека шират невистини и рече дека покачувањето на цената за отпадните води е близу 73%. Во однос на тоа зошто не е доставен план и анализа до Регулаторната комисија, дали ЈП Комунален Сервис Валандово бил спречен, бил краток рокот регулаторна комисија има доставено Решение на 30.12.2021 година. Рече дека доколку имало соодветен план и анализа сигурно немало да биде толкаво покачувањето.

Јулија Тушевска се јави за збор и рече дека овде не се оди да се купи политички поени туку треба да знаат самите граѓани дека секоја година 2022, 2023, 2024 година како за водата за пиење така и за урбаните отпадни води ќе има покачување на цената. Рече дека има постепено пкачување за наредните години и убаво е да знаат граѓаните дека нивната кошничка ќе биде

олеснета. Самите граѓани треба да знаат дека за овие работи би требало да се даде план за да може самата регулаторна комисија да даде реален извештај и реално покачување.

Владимир Марков зема збор и ја праша советничката Јулија кој е вашиот став за ова прашање и како Вие како советничка група ќе гласате по однос на овие две точки имајќи во предвиод дека вашите претставници на УО и Надзорен одбор ги одобрија и гласаа за. Ве прашувам кој е вашиот став на ова прашање.

Јулија Тушевска рече дека дефинитивно со самото тоа што не е поднесено план, ние како политичка партија ќе гласаме против бидејќи самото покачување е превисоко.

Емилија Заева Костова рече дека ЈП Комунален Сервис Валандово не иницира покачување. Не достави Барање за утврдување на тарифа. Граѓаните во Општина Валандово и со новото покачување ќе плаќаат најефтина вода за пиење во државата. Регулаторната комисија не регулира само на тој дел што само на нас ни се допаѓа туку го регулира и приходниот модел.

Јулија Тушевска рече дека во самото образложение пишува дека давателот на водна услуга, ЈП Комунален Сервис Валандово, не постапи согласно законска обврска и во законски утврден рок. Рече дека самото тоа кажува дека Вие не сте ги завршиле вашите работни обврски во законски рок. Тоа цело време го кажуваме и не шириме невистини.

Емилија Заева Костова рече дека се мисли на крај на една календарска година, кога секое Јавно претпријатије има право да поднесе меѓутоа не е санкционирано доколку нема да поднесе.

Тоше Тодоров реплицираше и рече дека спорно е тоа што ЈП не доставило план и анализа. Во делот за вода за снабдување за граѓаните, тоа е мал процент на покачување и тоа е оправдано меѓутоа делот за одводнување на води е видно покачен близу 73%.

Емилија Заева Костова рече дека кога гледате како процент се работи за голем процент на покачување, затоа што се работи за едноцифрена бројка. Реално вкупното поскапување кај физичките лица е 3 денари кај останати 2,62.

Владимир Марков образложи дека ЈП Комунален Сервис Валандово одлучил интерно да не достави барање за утврдување на нови цени. Цените одат по иста постапка врз основа на доставени приходи и расходи и финансиски извештаи од страна на ЈП Комунален Сервис Валандово. Целата оваа дискусија е непотреба затоа што регулаторната комисија ги утврдува цените.

Јулија Тушевска рече дека можеби ви изгледа дека поставуваме многу прашања и рече дека вашето однесување спрема нас советниците зборува за вас, а не за нас. Мора да се навикнеме да бидеме посветени кон тоа што го работиме и да работиме според Закон, Статут и Деловник.

Владимир Марков рече дека ве повредува кога ќе ви ги фатат грешките. Извештајот за работата беше на дневен ред, а вие прашувате за инвестиции, а Прогрмата за 2022 година беше на претходната седница.

Никој друг не се јави за збор, па Советот по спроведеното гласање со 8 гласа ЗА, 5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ, даде согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2022 година.

**ТОЧКА 4**

По Одлуката за усвојување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2022 година, образложение даде Директорот на Јавното претпријатие “Комунален сервис” Валандово, Емилија Заева Костова.

Немаше пријавено за дискусија, па Советот по спроведеното гласање, со 8 гласа ЗА, 5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ, даде согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2022 година.

**ТОЧКА 5**

По Извештајот за реализацијатата на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2021 година, образложение даде претставникот на Општина Валандово, Анита Трајкова.

Беше отворена расправа.

Аспарух Москов се јави за збор и побара што е реализирано и колку е платено со завршни ситуациии и што е преостанато за реализација од 2021 година во сума на пари.

Марија Чурлинова Јорданова одговори дека има програми кои се наменети исклучиво за улици и патишта, дополнително ќе одговориме писмено детално која улица колку е наплатена согласно завршната/временската ситуација.

Аспарух Москов рече дека конкретно не се знае што е и колку е наплатено.

Марија Чурлинова Јорданова рече дека конкретно се знае секоја улица во капиталните расходи, точно до денар. Конкретно во кварталниот извештај имате сума на пари за реконструкција на дел и за изградба на улица Вардарска. Ако сакате на наредна седница ќе донесеме посебно образложение конкретно за улици и патишта.

За збор се јави Јулија Тушевска и рече дека според извештајот ги разгледала сите улици кои се завршени и дадени со нивната цена меѓутоа рече дека не забележила дека некаде е исплатена ул.Крушевска во Валандово и ул.Јосиф Јосифовски во Јосифово. Со тоа самиот буџет ќе биде задолжен за 5 милиони затоа што во самиот договор пишува дека е завршено, а гледаме дека некои улици беа покасно почнати и се платени, а овие не се платени. Дали има приоритет при плаќањето. И би сакала да им објасните на самите граѓани за постапката за ул.Моше Пијаде во Валандово зошто не е започната работата на оваа улица.

Марија Чурлинова Јорданова рече дека плаќањето на обврска се врши во согласност со спроведената попстапка за јавна набавка и условите за плаќање од склучениот договор. Договор се склучува со најдобриот понудувач. Обврските настануваат во моментот на поднесување на завршна или времена ситуација и фактура. Рече дека конкретно за двете улици кои што ги спомнавте тоа не значи оптеретување туку тоа е нормално буџетско работење. Нема доставено времена ситуација и фактури за ул.Крушевска. Тоа е нормално буџетско работење. Ве уверувам дека како што сега има сметководствено работење Општина Валандово немало никогаш. И стојам на располагање за сите релевантни информации.

Владимир Марков рече дека имаме дефокус од темите, со спинување да ја дефокусираат јавноста, клучно во оваа програма се неколку работи, на пример 720 илјади евра Општината издејствувала со политичко лобирање на Градоначалникот и неговиот тим да ги добие од Министерството. Советот ќе ја носи програмата на наредните седници и ќе одлучуваме каде и кои улици ќе се градат.

Никој друг не се јави за збор, па Извештајот за реализацијатата на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2021 година, беше ставена на гласање и со 8 гласа ЗА , 5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ, истата беше изгласана.

**ТОЧКА 6**

По Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица во 2021 година никој не се јави за дискусија, па беше ставен на гласање и изгласан едногласно, со 13 гласа ЗА.

**ТОЧКА 7**

Извештај за реализацијата на Програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2021 година.

Беше отворена расправа.

Тоше Тодоров се јави за збор и праша за неискористените средства наменети за одржување на јавното осветлување кои не може да бидат пренаменети, за што ќе бидат искористени?

Марија Чурлинова Јорданова одговори дека овие средства се строго наменски и ќе бидат искористени за утврдената намена.

Аспарух Москов се јави за збор и постави прашање до претставник на Општината. Рече дека на комисијата за јавно осветлување има поставено прашање но дека одговор има добиено без потпис и печат. Во продолжение на својата дискусија посочи повеќе локации каде што има приклучени сијалични места и праша за нивниот статус.

Владимир Марков предложи да се реши допонително овој проблем на самата комисија.

Костадин Невеселовски порача советникот да достави писмено официјално барање архивирано во Општината и ќе добие официјален одговор со печат и потпис.

Арспарух Москов праша дали Општината има договори со овие диви приклучоци?

Никој друг не се јави за збор, па Извештајот за реализацијата на Програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2021 година, беше ставен на гласање и со 8 гласа ЗА, 1 ПРОТИВ и 4 ВОЗДРЖАНИ, беше усвоен.

**ТОЧКА 8**

По Информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово за второто полугодие од 2021 година, никој не се јави за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 13 гласа ЗА.

**ТОЧКА 9**

По предложената Одлука за одобрување средства за репарирање на механика на вертикално пијано во ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово никој не се јави за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 13 гласа ЗА.

**ТОЧКА 10**

По предложената Одлука за утврдување на начинот на давање на користење на училишен простор (отворени спортски терени и фискултурни сали) во Општинските Основни Училишта и Средното Општинско Училиште во Општина Валандово на регистрирани спортски клубови, никој не се јави за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 13 гласа ЗА.

**ТОЧКА 11**

По Предлог – Одлуката за давање согласност и овластување за потпишување на Договор за грант, никој не се јави за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 13 гласа ЗА.

**ТОЧКА 12**

По Предлог – Одлуката за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Валандово, никој не се јави за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 13 гласа ЗА.

**ТОЧКА 13**

По Предлог – Одлуката за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Училишен спортски клуб Валандово, никој не се јави за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 13 гласа ЗА.

Со тоа дневниот ред беше исцрпен и 7-мата редовна седница на Советот на Општина Валандово беше заклучена.

Советнички прашања не беа поставувани.

Записничар
С. Димитров

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков